**Известување за концентрација со која Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ од Австрија ќе стекне самостојна контрола над ЛЕОНИ АГ од Германија**

**(предмет бр. 08- 69 од 19.04.2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Цвајте Пирер Бетајлигунгс ГмбХ со регистрирана адреса на Едисонштрасе 1, 4600 Велс, Австрија, над ЛЕОНИ АГ со регистрирана адреса на Мариенштрасе 7, 90402, Нирнберг, Германија, преку индиректно купување на 100% од удели од страна на структура за стекнување составена од субјекти над кои конечна контрола има г. Пирер.

Подносителот е друштво основано од г. Штефан Пирер со цел да се спроведе Трансакцијата.

Деловните активности на г. Пирер се држани од Пирер Концернгезелшафт мбХ, кое пак ги поседува сите акции во ПИРЕР Индустри АГ, глобална инвестициска групација активна во производството и дистрибуцијата на мотоцикли, електрични велосипеди, како и делови за моторни возила на две тркала.

Преку ПИРЕР Мобилити АГ, ПИРЕР Индустри АГ е активно во производството и дистрибуцијата на моторцикли, електрични велосипеди, како и делови за моторни возила на две тркала.

ПИРЕР Моблити АГ нуди широк избор на брендови, вклучувајќи брендови на моторцикли со перформанси како што се KTM, Husqvarna Motorcycles и GASGAS. ПИРЕР Мобилити развива сеопфатен асортиман на производи за е-мопеди и велосипеди преку брендовите Husqvarna E-Bicycles, GASGAS Bicycles, FELT Bicycles и R Raymon, произведува компоненти под брендот WP и произведува и дистрибуира спортски автомобили преку својот оддел KTM X-BOW.

Пирер нема регистрирано присуство во Северна Македонија, но има остварено приходи во 2022 година во Северна Македонија преку негово зависно друштво.

-ЛЕОНИ АГ е глобален обезбедувач на производи, решенија и услуги за управување со енергија и податоци во автомобилската индустрија. Синџирот на вредност се движи од стандардизирани кабли и специјални кабли и податоци, до високо сложени жичени системи и сродни компоненти, од развој до производство.

Деловното работење на ЛЕОНИ АГ е поделено на два оддели, одделот за решенија за жици и кабли и одделот за жични системи. РЖК, генерално, бил поделен на три деловни групи: автомобилски кабелски решенија, жичени производи и услуги и индустриски решенија. Секоја деловна група била составена од различни зависни друштва. Како што е споменато на стр. 4 од ова Известување, веќе биле преземени неколку мерки за реструктуирање, како на пр. продажбата на БГ ИН.

ЛЕОНИ АГ нема регистрирано присуство во Северна Македонија, Сепак, остварило приходи во 2022 година во Северна Македонија преку свое регистрирано зависно друштво.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

27.04.2023 година

Скопје